**20252685179**

# ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 18 став (4) од Законот за јавен долг („Службен весник на Република Македонија" бр.62/05, 88/08, 35/11, 139/14 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.98/19, 151/21 и 12/25), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 30 декември 2025 година, донесе

## ОДЛУКА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА МАКСИМАЛНИОТ ИЗНОС НА НЕТО-ЗАДОЛЖУВАЊЕ ПРЕКУ ИЗДАВАЊЕ НА ДРЖАВНИ ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ НА ДОМАШНИОТ ФИНАНСИСКИ ПАЗАР ВО 2026 ГОДИНА

1. Со оваа одлука се утврдува максималниот износ на нето задолжување преку издавање на државни хартии од вредност на домашниот финансиски пазар кои во името на Република Северна Македонија ќе ги издава Министерството за финансии во 2026 година.

2. Максималниот износ на нето задолжување преку издавање на државни хартии од вредност на домашниот финансиски пазар во 2026 година ќе изнесува 24.600.000.000,00 (дваесет и четири милијарди и шест стотини милиони) денари.

3. Издавањето на државните хартии од вредност се врши согласно Календарот за планираните емисии на државните хартии од вредност кој го утврдува и објавува Министерството за финансии на почетокот на периодот за кој се однесува.

4. Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија", а ќе се применува од 1 јануари 2026 година.

Бр. 50-12037/3
30 декември 2025 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
проф. д-р **Христијан Мицкоски,** с.р.